# Краток опис на проектот

**Цел**: Јакнење и подобрување на административниот капацитет за усогласување и спроведување на правото на ЕУ за заштита на природата.

**Долгорочна цел**: Јакнење и подобрување на административните капацитети на Министерството за животна средина и просторно планирање/ Управата за животна средина за спроведување на правото на ЕУ за заштита на природата преку изготвување на законска регулатива, обезбедување на обука и преку спроведување на законодавството на ЕУ за заштита на природата како што се Директивите за птици и за живеалишта и Регулативата на Советот (ЕЗ) бр. 338/97 за заштита на видовите дива фауна и флора.

**Корисник**: Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП).

Релевантни **засегнати страни за Натура 2000**: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Јавно претпријатие за стопанисување со пасишта и претпријатие за национални шуми, национални паркови и други заштитени подрачја, НВО, државни инспекторати за животна средина, шумарство и ловство, академска заедница, сопственици и корисници на земјиште, туристички сектор, сектор за лов и риболов, во соработка со Делегацијата на ЕУ во Северна Македонија.

Релевантни **засегнати страни за CITES**: Агенција за храна и ветеринарство, Фитосанитарна управа, Царинска управа, гранична полиција, државни инспекторати, академска заедница, во соработка со Делегацијата на ЕУ во Северна Македонија и други.

**Конзорциум за спроведување**: НИРАС ИЦ (NIRAS IC) (водечки) со партнерите: Македонско еколошко друштво (МЕД), ФАРМАХЕМ Дооел, организацијата „Stiching Birdlife Europe“, Полско здружение за заштита на птици, EFTAS далечинско истражување и трансфер на технологии (EFTAS Remote Sensing and Transfer of Technologies).

Северна Македонија се подготвува да ги спроведе директивите на ЕУ за заштита на природата (Директива за живеалишта и Директива за птици) како и Регулативата CITES за меѓународна трговија со загрозени видови на

**Главни цели на проектот:**

1. Компонента за Натура 2000:
   i. Проценка и изготвување на нацрт стандардни обрасци за податоци за потенцијалните подрачја за Натура 2000 во целата земја
   ii. Градење на капацитети и програма за подигнување на јавната свест за спроведувањето на мрежата Натура 2000
2. Компонента за CITES:
   i. Изготвување на примарно законодавство усогласено со CITES – Регулатива на Советот (ЕЗ) бр. 338/97, вклучувајќи го и развојот на соодветниот софтвер
   ii. Градење на капацитети и програма за подигнување на јавната свест за регулативата CITES

Главниот дел во компонентата за Натура 2000 е работа на терен во целата земја заради проценка на повеќе од 20 потенцијални места. Теренската работа ќе биде поддржана со податоци од далечинско истражување и посебен, веб-базиран, ГИС софтвер за соодветно управување со податоците за живеалиштата и видовите. Ќе се организираат обуки и работилници за јакнење на административниот капацитет. Покрај тоа, ќе се обезбеди програма за информирање на јавноста за Натура 2000.

Целта на компонентата за CITES е да се постигне целосна усогласеност на националното законодавство со Регулативата и конвенцијата CITES на ЕУ за меѓународна трговија со загрозени видови на дива фауна и флора. Ова ќе се направи преку проверка на усогласеноста на постојните правни акти со кои се уредува заштитата на природата и преку изготвување на ново/ ревидирано законодавство. Ќе се програмира посебен софтвер за издавање дозволи за трговија.

Врз основа на анализата на постојните капацитети и преку интегрирање на најдобрите практики на ЕУ,

| | |
|---|---|
| дива фауна и флора. За проектните резултати ќе се дискутира со засегнатите страни за да се осигури успешна имплементација. | проектот ќе опфати мерки за градење на капацитети преку програма за обука. |
| **Контакт:**<br>Влатко Трпески (МЖСПП/Корисник): v.trpeski@moepp.gov.mk<br>Даниел Богнер (Лидер на тим): boda@niras.com<br>Проектна канцеларија ICNC.project@niras.dk | **Времетраење**: 1ви јуни 2022 – 1ви декември 2024 (30 месеци) |